Архивски број:_________
__________ година

Тргнувајќи од законската надлежност за упатување општи препораки во случаи на дискриминација на поголем број лица, пропишана во чл.28 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и од членовите 9, 21 и 29 од Меѓународната конвенција за правата на лицата со попреченост, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, на 03.12.2021 ја донесе следнава

**О П Ш Т А  П Р Е П О Р А К А**

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во согласност со законските надлежности, а со цел унапредување на правото на заштита и пристапот имнуизација на лицата со попреченост во услови на пандемија, ги носи следните општи препораки

**Се препорачува на Министерството за здравство во најкус можен рок да ја исполни клучната обврска содржана во точка 45д. од Акцискиот план за 2021 година, изработен од Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост за обезбедување достапност и пристапност до здравствените установи и здравствените услуги, со отстранување на физичките препреки до здравствените установи, особено до вакциналните пунктови. Оваа препорака е во согласност со членот 9 од Конвенцијата за правата на лицата со попреченост кој реферира на пристапноста како начело врз кое се потпира овој меѓународен инструмент за заштита на правата на лицата со попреченост и реферира кон отстранување на препреките и бариерите кои креираат дискриминаторска средина за овие лица.**

**Се препорачува на Министерството за здравство да преземе мерки и активности за информирање на лицата со попреченост во однос на процесот на имунизација во формати прилагодени на нивните специфични потреби. Оваа препораката е исто така во согласност со Конвенцијата за правата на лицата со попреченост која од државите потписнички бара да се обезбеди систем на информирање и комуникации во формат приспособен за специфичните потреби на лицата со попреченост а со тоа да се обезбеди нивното право на еднаквост со другите.**

**Се препорачува на Министерството за здравство да организира процес за издавање на соодветни потврди на лицата со попреченост кои поради здравствената состојба не смеат да се вакцинираат. Без такви потврди им е оневозможен слободниот пристап до јавни простори каде влезот се условува со сертификат за имунизација.**

**Се препорачува на Комисијата за заразни болести да предложи до Владата на Република Северна Македонија усвојување на посебен пакет мерки за ефикасна здравствена заштита и начин на имунизација на лицата со попреченост. Се препорачува тие мерки да ги земат во предвид видот и степенот на попреченост**

**како и здравствената состојба на секое лице во услови на пандемија со КОВИД-19.**

Во членот 25 од Конвенцијата, државите потписнички го признаваат правото на лицата со попреченост да уживаат највисоки здравствени стандарди без дискриминација врз основа на попреченост. Република Северна Македонија е една од тие потписнички. Затоа, Комисијата укажува на потребата да се спроведат горенаведените препораки за лицата со попреченост да ги добијат основните услови кои ќе им обезбедат непречен пристап до вакциналните пунктови и здравствена заштита на еднакви основи со другите.

Дополнително, во членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација е пропишано дека оневозможувањето на соодветно приспособување и оневозможувањето на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите, се смета за дискриминација.

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата има законска надлежност да го следи спроведувањето на општите препораки што ги упатува по сопствена иницијатива.

Скопје
03.12.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска